# В Кошоман



КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР, ФЕВРУАРИ 2001 КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР, ФЕВРУАРИ 2001



**Ванѓел Коџоман (1904 - 1994)**

Роден е на 14 февруари 1904 година во Струга. Во 1923/24 година матурирал во Охридската гимназија. Во 1924-1928 го завршил наставниот оддел на Уметничката школа во Белград (проф. Бета Вукановиќ, Љуба Ивановиќ, И. Шобаиќ). Во 1928 година го продолжил студирањето на двегодишниот академски курс за чиста уметност кај проф. Милан Миловановиќ. Кон крајот на школувањето бил на покус студиски престој во Италија. По отслужувањето на деветомесечниот воен рок во Сараево во 1931 година стапил во служба како ликовен педагог во Охридската гимназија. Од 1929, особено од 1936 г. до почетокот на Војната учествувал во пролетните изложби на сликарски и скулпторски дела на југословенските уметници и на есенските изложби на белградските уметници во Белград. Во 1937 г. учествувал на изложбата на независните сликари во Белград, наречена „бојкоташка". Во 1938-39 г. во Белград добил место на професор по ликовно воспитание во Седмата машка гимназија, каде останал до 1945 г. Учествувал во културниот, уметничкиот и спортскиот живот. Во месец октомври, неколку дена по ослободувањето на Белград, стапил како воен сликар на должност шеф на Одделот за пропаганда при Главниот штаб на Македонија за ширење на ликовната уметност во војската и народот на која останал шест месеци, до први јуни 1945 г. По демобилизирањето, кон крајот на септември 1945 г. дошол во ослободеното Скопје каде се вработил како професор во Средната художествена школа која во 1948 г. го добива називот Училиште за применета уметност. Таму работел до 1952 г. Ванѓел Коџоман е еден од основачите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија во Скопје и долгогодишен член на неговата управа. Од 1945 г. учествувал на изложбите на ДЛУМ во Скопје и во другите југословенски центри, како и на разни тематски изложби. Од 1952 г. започнал да работи како професор на Вишата педагошка школа во Скопје, каде до 1972 г. предавал сликарство и методика на ликовното воспитание. Учел повеќе генерации млади уметници и педагози. Во 1953 г. заедно со Личеноски и Мартиноски ја претставуваат македонската ликовна уметност на големата изложба„Половина век на југословенското сликарство, 1900-1950" во Модерната галерија во Загреб. Во 1955-56 г. остварил четиримесечен студиски престој во Париз. Во неговиот Дневник ќе запише: „По престојот во метрополата моите настојувања стануваат се посмели и поафирмативни, со извесно надградување и формирање на творечкиот инстинкт". Во 1974 г. во Струга ја отворил постојаната тематска изложба-легат Струга во минатото, сместена во Спомен-куќата на Ванѓел Коџоман, со околу 30 масла и акварели. Во 1975 г. е избран за дописен член на МАНУ. Редовен член е од 1981 г. Носител е на наградите: Октомвриска награда на СРМ за животно дело - 1969; Осмоноемвриска награда на Струга - 1975; АВНОЈ - 1979; 13 Ноември на град Скопје - 1981.

***Самостојни изложби:***

Скопје - 1938, 1958, 1972, 1976, 1981, 1994, 1995
Струга - 1961, 1962, 1974, 1994
Охрид - 1995
Торонто - 1975
Берлин - 1984

## ВРЕДЕН ТОЛКУВАЧ НА МАКЕДОНСКИОТ АМБИЕНТ

Изложбата-сеќавање на Вангел Коџоман составена е од слики кои се дел од легатот на уметникот на градот Струга. Станува збор за постојана поставка отворена 1974 година во спомен-куќата на Коџоман. Циклусот слики, насловен „Струга во минатото" ја открива страста на уметникот да ги регистрира со прецизна техника старогоградските мотиви кои веќе денес ги снемува пред нашите очи. Истакнувањето на овој момент наедно претставува повод за да се сумираат главните карактеристики на сликарството на Вангел Коџоман. Имајќи ги предвид временските координати не може да не се истакне основоположничката улога на Коџоман во контекст на создавањето на модерната македонска уметност. Историското и уметничкото значење на сликарот се верификувани во времиња на клучни историски случувања, кога со развитокот на националната свест била изградувана култура која има специфични белези.

Коџоман е сведок на епоха во која се соединиле непредвидливите и неизбежни условености на човечката судбина исполнувајќи го животот со сликарство, со педагошка и општествена дејност. Сликарското формирање и развиток на Коџоман се лоцираат во 30-те години на овој век, во периодот по школувањето во Белград и престојот во Италија и Франција. Неговиот афинитет ќе го насочи на откривање на делата на класичната и барокна уметност, но едновремено ќе надвладее примерот на модерните правци во уметноста. Занимлив е неговиот интерес за разновидни жанрови - портрет, акт, фигура, пејзаж, староградска архитектура, мртва природа, за разни теми и техники - масло, акварел, цртеж, пастел. Во почетокот се врзува за работата на уметниците кои ја негувале цртачката вештина, формата ја граделе со контрасти на светло и темно, оствариле валерска игра и атмосфера од тонските вредности. Набргу, во согласност со актуелните уметнички текови, темната палета ќе биде заменета со светли колористички созвучја, а мазната фактура со видливи траги на сликарската четка. На платната на Коџоман ќе се почувствува одблесокот на сликарскиот интимизам, на сликарството со социјални теми како и елементите на „чистото" сликарство кое се наоѓа во близина на импресионизмот и постимпресионизмот. Внесувањето на топли, интензивни и речиси вознемирувачки тонови и звучни колористички акорди евоцираат присуство на фовистичко-експресионистичката лексика. Во блокот за скицирање, посебно во одделни платна на Коџоман ќе најдат место кубистичките примери.

Коџоман е претставник на своето време кој создал сликарски опус со белези на своевидна „визуелна хроника" на македонскиот социјален и природен амбиент. Тој со внимание и жив интерес ја набљудувал непосредната „стварност", трансформирајќи ги визуелните сензации во карактеристични сликарски претстави со користење на класични ликовни средства. Всушност, од слика до слика следиме евидентен напор да се стават во рамнотежа бојата и формата, да се постигнат хармонични односи и созвучја. Линијата ја определува цврстата форма, бојата е рамно положена - без позначително валерско нијансирање. Видлив е стремежот предметното да се компонира според принципот на едноставна средишна оска која и дава стабилност, но и извесна крутост на целината. На тој начин елиминирани се променливите сензации на моментот во интерес на своевидниот сликарски „конструктивизам"во кој има белези на реалистичност како и на извесен лирски штимунг.

Коџоман ќе се изгради во специфичен сликар на Скопје и Струга кој деталот точно го перцепирал но едновремено настојувал да создаде стилизирани форми и тонски вредности во кои се отсликуваат боите и светлината на поднебјето, еден современ медитерански сензибилитет. Сликарските остварувања на Коџоман се резултат на добра техника, на специфичен спој на непосредна перцепција и на грижлива и совесна изведба. Извесното ослободување и експресивност се остварени во рамките на фигурацијата, или предметното претставување, во вид лесна стилизација на робусната форма и интензивност на бојата. Коџоман се впуштал во некои експерименти но во смисла на еден испробан метод и промисленост на ефектот. Брзата перцепција и восхитеноста не значат брза изработка на сликата, ниту еуфоричност во доживувањето. Напротив, внатрешната возбуда се инкорпорира контролирано во цврстата надворешна форма на предметното со која се сугерира пред сѐ постојаноста на визијата. Во некои дела забележливи се треперливите слоеви на атмосферата, но во најголемиот дел остварувања преовладува негувана предопределеност, флуидност и светот на тајните збиднувања и мистификации заменети се со дореченост, јасна и ведра визија. Дисциплиниран однос остварен е и во цртежот и акварелот во кои се поврзале предметното и личниот начин на доживување на уметникот. Опстојувањето во светот на предметното сведочи за цврстата вкоренетост на уметникот во средината, за своевидниот „позитивизам" кој е облагороден со елементите на искуството и меморијата, со извесен спонтан наивизам и романтично доживување на мотивот.

Коџоман, следејќи го својот сликарски инстинкт и личен резон, остварил симбиоза на визуелното гледање и на наученото, на сопствената реакција спрема стварноста. Притоа, забележливо е неговото настојување да создаде „мост" спрема светот на посматрачот, останувајќи отворен за размена во обата правци. Тој е еден од вредните толкувачи на македонскиот предел и на македонскиот човек работејќи во стил кој е карактеристичен за постарите мајстори. Тоа наедно значи дека во сликите, создадени во контекст на раниот модернизам внесува извесна свежина со автентично доживеани акценти во регистрирањето на доживеаната и перцепирана стварност.

Имајќи ги предвид овие опсервации би можело да се заклучи дека сликарството на Вангел Коџоман зазема значајно место во контекст на современата македонска уметност.

***д-р Владимир Величковски***








1946






ВКоџоман/46




Каталог:

1. ПРЕД ПИОНЕРСКИОТ ДОМ,
   1964, масло / картон, 33.5x49 cm.
2. НЕКОГАШНОТО ЖИТНО ПАЗАРИШТЕ - СТРУГА
   1940, масло / картон, 28x37.5 cm.
3. КУЌАТА НА ШАНТОВЦИ,
   1949, масло / картон, 45x60 cm.
4. СЛЕПО СОКАЧЕ,
   1940, масло / картон, 35x49 cm.
5. УЛИЦА - НИКО НЕСТОР,
   1940, масло / картон, 35x49 cm.
6. УЛИЦА - НИКО НЕСТОР,
   1945, масло / картон, 34x48.5 cm.
7. ГОРНА МААЛА,
   1946, масло / картон, 43.5x33 cm.
8. КУЌАТА НА ЈОСИФ ШЧИЧАРОТ,
   1946, масло / картон, 35x49 cm.
9. ГОРНА МААЛА,
   1946, масло / картон, 35x49 cm.
10. МОТИВ ОД СТРУГА,
    1946, масло / картон, 33.5x49 cm.
11. КРАЈ ДРИМ,
    1939, масло / картон, 33.5x49 cm.
12. ВАКОВСКАТА КУЌА,
    1946, масло / картон, 33x49 cm.
13. СОКАКОТ КАЈ БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ,
    1940, масло / картон, 34.5x49 cm.
14. МОТИВ ОД СТАРА СТРУГА,
    1946, масло / картон, 25.5x34.5 cm.
15. НАШИОТ СОКАК (УЛИЦА - НИКО НЕСТОР),
    1947, масло / картон, 48.5x34 cm.
16. КУМБАРОВ СОКАК,
    1940, масло / картон, 32x42 cm.
17. МОТИВ ОД СТАРА СТРУГА,
    1937, масло / картон, 29x42 cm.
18. КУЌАТА НА КОСТЕ МИЛЧИН,
    1946, масло / картон, 35x48.5 cm.
19. МОТИВ ОД СТАРА СТРУГА,
    1940, масло / картон, 25x35 cm.
20. КУЌАТА НА СОТИР ЛОНДРО И АЏИЕВЦИ,
    1940, масло / картон, 33.5x48.5 cm.

**КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ изразува благодарност на НАРОДНИОТ МУЗЕЈ - СТРУГА за отстапените дела (Струга во минатото) од Спомен куќата „Вангел Коџоман“ за изложбата во КИЦ**

Издавач: Културно-информативен центар (КИЦ) Скопје, 2001 г.
Одговорен уредник: Љупчо Маленко
Предговор: д-р Владимир Величковски
Ликовно графичко обликување: Скенпоинт - Скопје
Тираж: 600
Реализација: КИЦ, Скопје, февруари 2001 г.

Рализацијата на изложбата и каталогот ги помогна
Министерството за култура на Република Македонија и Скенпоинт, Скопје.

Министерство за култура

SKENPOINT

ISBN 9989-802-34-3


ВКоџаман/40